# Мерки на монетарната политика во 2012 и 2013 година

Народна банка на Република Македонија

# СОДРЖИНА:

- ❖ Макроекономски услови
- ❖ Монетарни мерки –цели и ефекти
- ✓ Благајнички записи
- ✓ Задолжителна резерва
- ✓ Расположливи депозити

❖ Теми за дискусија

# Макроекономски услови

## Во 2012 година економската активност забележа умерено намалување...






# Макроекономски услови

**...при забрзано опаѓање на кредитната активност, доминантно заради забавениот раст на кредитирањето на претпријатијата...**






# Макроекономски услови

## кредитни барања на пр-ја во 2011 и 2012 година

**...причините - на двете старани, слаба побарувачка, но и намалена понуда – висок раст на бројот на одбиени кредитни барања на пр-ја.**






# Макроекономски услови

**Во услови на слаба лична потрошувачка, инфлациските притисоци во овој период главно беа под влијание на порастот на цената на храната и енергијата, и на влијанието на еднократни фактори.**



***Движењата на кредитниот пазар во 2012 и во 2013 година укажаа на потреба од преземање на монетарни мерки во насока на поддршка на кредитирањето.***

# Монетарни мерки – благајнички записи

- **Намалување на каматната стапка** во 2012 и 2013 година во три наврати

- **Промена на тип на тендер** во април 2012 година и во јули 2013 година (од тендер со каматни стапки -ограничен износ и максимално утврдена стапка на тендер со износи -ограничен износ и каматна стапка)

- **Одржување на непроменето ниво на благајнички записи во 2013 година**

# Цели на мерките

**Покрај намалувањето на основната каматна стапка за кумулативни 75 базични поени во 2012 и 2013 година, со цел намалување на активните каматни стапки и зголемување на кредитната побарувачка...**



# Цели на мерките

*…сетот на останатите мерки –**првенствено кај ЗР** беше дизајниран за да одговори на неколку структурни проблеми во македонската економија и банкарскиот систем:*

1) **Намалување на рочната неусогласеност во билансите на банките** – заради депозитна база на краток рок;

2) **Зголемување на квалитетот на кредитната понуда** преку кредитирање на системски значајни сектори во економијата коишто генерираат нето-девизни приливи (нето – извозниците) или создаваат услови за намалување на енергетската зависност на економијата (домашните производители на електрична енергија), што е особено значајно во услови на стратегија на таргетирање на курсот на денарот;

3) **Намалување на системскиот ризик на банките** креиран од сè уште високо учество на девизни депозити во пасива, што ја намалува ефикасноста на монетарната трансмисија и

4) **Проширување на опфатот на банкарски извори на финансирање и воспоставување на нови пазарни сегменти** кои ќе овозможат повисока конкуренција и ефикасна алокација на слободните ресурси.

# (1) Цели на мерките

## Намалување на рочната неусогласеност во билансите на банките

### Септември 2011 година

❖ воведување стапка 0% на ЗР за обврските на банките кон физичките лица со договорна рочност над две години



# (1) Ефект од мерката

- **Примената од јануари 2012 година даде дополнителен импулс врз поволните трендови во рочната структура на штедењето на домаќинствата...**



# (2) Цели на мерките

## Зголемување на квалитетот на кредитната понуда

- **Извозот на традиционалните сегменти - потенцијал за кредитирање...**
- **Раст бележи извозот на електрични машини и опрема и на хемиски производи – поврзан со работењето на нови производни капацитети...**



# (2) Цели на мерките

## Зголемување на квалитетот на кредитната понуда

**Во рамки на увозот, значајно учество има увозот на минерални горива и електрична енергија во просек 19% во вкупниот увоз и во просек 24% во вкупната побарувачка за девизи (фирми од дејноста пр-во и трговија со електрична енергија просечно учествуваат со 7% во вк. побарувачка на девизи)**



# (2) Цели на мерките

## Зголемување на квалитетот на кредитната понуда

**Ноември 2012 година**

- **во насока на поттикнување на кредитирање на системски значајни сектори**
    - **намалување на основа за задолжителна резерва на банки за износ на новоодобрени кредити на нето-извозници и домашни производители на електрична енергија**

# (2) Ефект од мерката

- Примената на мерката од јануари 2013 година е лимитирана по банки и по типови на кредитни производи (6.995 мил. денари вкупно одобрени кредити)






# (3) Цели на мерките

## Намалување на системскиот ризик на банките

### Јули 2013 година

- во насока на натамошно поттикнување на домашното штедење, се продолжи со диференцијација на стапки на ЗР
  - зголемување на стапка на задолжителна резерва во странска валута од 13% на 15%
  - намалување на стапка на задолжителна резерва во денари од 10% на 8%






# (3) Ефект на мерката

- **Примената од септември 2013 година даде дополнителен импулс врз поволни трендови во валутна структура на обврските на банките**






# (4) Цели на мерките

## Проширување на опфатот на банкарски извори на финансирање

### Јули 2013 година

- во насока на стимулирање прилив на странски долгорочен капитал
  - стапка на ЗР од 0% за обврски кон нерезиденти -финансиски друштва со договорна рочност над 1 година
  - стапка на ЗР од 0% за обврски кон нерезиденти со договорна рочност над 2 години
  - стапка на ЗР од 13% (непроменета) за обврски кон нерезиденти – финансиски друштва во странска валута со договорна рочност до 1 година

# (4) Ефекти на мерки

- **Ограничена примена на мерката насочена кон стимулирање на приливи на долгорочен капитал од странство**
- **Обврските кон нерезиденти учествуваат со просечно 7,9% во пасивата на банките**






# Монетарни мерки –ЗР
## коишто не се користат од страна на банките

### Септември 2011 година

- во насока на продлабочување на изворите на финансирање на банките и поттикнување на репо-пазар
  - воведување стапка 0% на ЗР за обврски на банките врз основа на репо – трансакции во денари

### Ноември 2012 година

- во насока на стимулирање на развој на пазар на капитал и дополнителни извори на финансирање
  - намалување на основата на задолжителна резерва за вложувањата на банките во должнички хартии од вредност во домашна валута, издадени од нето извозници и производители на електрична енергија
  - стапка 0% за обврски на банките по издадени должнички хартии од вредност во домашна валута, со оригинален рок на достасување од најмалку 2 години

# Монетарни мерки- временска рамка

| | 2012 година: јан. | 2012 година: апр. | 2012 година: мај | 2013 година: јан. | 2013 година: јул. | 2013 година: сеп. | 2013 година: дек. | 2014 година: јан. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Промени кај оперативни процедури на инструменти | | Промени во ОПЕРАТИВНАТА МОНЕТАРНА РАМКА | | | Примена на ТЕНДЕР СО ИЗНОСИ (огранична понуда и фиксна кам. стапка) | | Примена МЕТОДОЛОГИЈА за потенцијална побарувачка за БЗ | |
| Промени кај каматни стапки на инструменти | | | к.с. на БЗ и расположливи депозити за 0,25 п.п. | к.с на БЗ и расположливи депозити за 0,25 п.п. | к.с. на БЗ и 7дд депозити за 0,25 п.п. | | | к.с. 7дд депозити за 0,25 п.п. |
| Промени кај систем на задолжителна резерва | Примена на стапки 0% за ДОЛГОРОЧНО ШТЕДЕЊЕ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА и РЕПО-ТРАНСАКЦИИ | | | Ослободување на средства од ЗР, за износ на кредити на НЕТО-ИЗВОЗНИЦИ И ПР/ЛИ НА ЕЕ и поттик за ПАЗАР НА КАПИТАЛ | | Примена на 0% стапка на ЗР (ОБВРСКИ КОН НЕРЕЗИДЕНТИ НА ДОЛГ РОК) и понатамошно ДИФЕРЕНЦИРАЊЕ | | Укинат на НАДОМЕСТ на ЗР |

# Монетарни мерки
## ефект врз задолжителна резерва

**И покрај растот на пасивата, наведените мерки влијаеја врз пад на задолжителната резерва во 2013 година за:**

- **1.065 милиони денари на задолжителната резерва во денари**
- **799 милиони денари на задолжителната резерва во евра**



# Монетарни мерки
## ефект врз задолжителна резерва

**Креирана ликвидност од мерките кај ЗР во 2012 и 2013 година е во износ од 3.191 мил. денари:**

- **Ефектот на мерките за стапка 0% во 2013 година е 2.055 мил. денари; од почетокот на примената (јан.2012 год.) е 2.680 мил. денари**
- **Ефектот на мерката за намалување на ЗР за износ на кредити на нето-извозници/ производители на ЕЕ изнесува 511 мил. денари во 2013 г.**

**Ликвидносен ефект од мерки**



# Монетарни мерки – расположливи депозити

- **Намалување и на каматната стапка на расположливите депозити во 2013 година:**
  - во февруари, на 7 дневните депозити од 2% на 1,75% и на депозитите преку ноќ од 1% на 0,75%
  - во јули, повторно намалување на каматата на 7 дневните депозити за 0,25 п.п. на ниво од 1,50% (во јануари 2014 година на ниво од 1,25%).

- **Активно користење на овие инструменти од страна на банките:**
  - просечната состојба на средствата во 7 дневни депозити во 2013 година изнесува 4.071 мил. денари и е за 3 пати повисока од 2012 година,
  - раст е регистриран и кај користењето на депозитите преку ноќ (од 358 мил. денари во 2012 година на 698 мил денари во 2013 година).

# Ефекти врз кредитиот раст

**Постепено заживува кредитната активност - расте побарувачката за кредити, но и спремноста за кредитирање- годишно намалување на бројот на одбиени кредитни барања на пр-ја.**






# Ефекти врз кредитиот раст

**На крајот од 2013 година, кредитниот раст достигна 6,4% на годишна основа, а во јануари 2014 година 6,7%...индикации за заживување на кредитирањето на претпријатијата!**






# Теми за дискусија

- Согледување на идни кредитни движења
- Праксата на примена на мерката кај кредитите на нето-извозниците
- Можности за зголемување на кредити за домашни производителни на електрична енергија
- Причини за мала примена на кредити со изменети услови
- Примена на 0% на ЗР на одредени позиции од пасивата